Македонска академија на науките и уметностите
Бул. Крсте Мисирков 2, Скопје, Република Македонија
Тел.: + 389 02 3 235-400; Факс: + 389 02 3 235-500
e-mail: manu@manu.edu.mk

# Известување за избор на редовни членови на Македонската академија на науките и уметностите

Врз основа на член 46 од Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен на МАНУ” („Билтен“ бр. 4/1996, бр. 4/2000, 3/2005, 1/2009, 3/2011 и 4/2011), Претседателството ја известува јавноста дека ќе се врши избор на редовни членови на Македонската академија на науките и уметностите.

1. Во согласност со член 12 од Законот за Македонската академија на науките и уметностите („Службен весник на РМ” бр.13/96), за редовни членови на Академијата **се избираат истакнати научници или уметници, кои се државјани на Република Македонија и постојано живеат во Републиката, чиишто научни трудови или уметнички остварувања претставуваат високи достигања и се пошироко признати**.

Изборот на редовни членови на Академијата го врши Собранието на Академијата по предлог од одделение на Академијата, од три члена на Академијата, како и од наставно-научен совет на високообразовна установа, од совет на научна установа и од собрание на научно и уметничко здружение во Република Македонија, според условите и постапката пропишани со Статутот на Академијата (член 14 став 1 од Законот).

Три редовни члена на Академијата можат да предлагаат само еден кандидат за избор за редовен член. Од трите редовни члена што предлагаат кандидат, најмалку еден член треба да биде од Одделението за кое се предлага кандидатот. Редовен член на Академијата може во предлагањето да учествува само еднаш, на едно изборно собрание.

Предлози за избор на редовни членови на Академијата поднесуваат високообразовните и научните установи за **кандидати што кај нив ја остваруваат или ја остварувале својата дејност, а научните и уметничките здруженија за кандидати што се нивни членови.**

Кандидати за избор на редовни членови на Академијата можат да предлагаат **научни здруженија во кои најмалку 10 членови имаат научно или наставно-научно звање** (научен советник, виш научен соработник, научен соработник, редовен професор, вонреден професор, доцент).

2. Предлозите за избор се поднесуваат **во рок од два месеца од денот на објавувањето на известувањето за избор.** Во овој рок се поднесуваат и предлози на кандидати за избор на редовни членови од страна на три редовни члена на Академијата.

За полноважен ќе се смета предлогот за избор на редовен член, кој врз основа на **одделни писмени реферати** од двајца редовни професори, двајца научни работници со звање научен советник или од двајца истакнати уметници, е утврден со **тајно гласање** на седница на:

а) **наставно-научен совет на високообразовна установа или на совет на научна установа, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот со наставно-научни звања** (редовни професори, вонредни професори и доценти) **и со научни звања** (научни советници, виши научни соработници и научни соработници);

б) **собрание на научно здружение со мнозинство гласови од вкупниот број членови на собранието со наставно-научни звања** (редовни професори, вонредни професори и доценти) **и со научни звања** (научни советници, виши научни соработници и научни соработници), **или на собрание на уметничко здружение со мнозинство гласови од вкупниот број членови на здружението.**

3. Предлогот за избор на редовен член на Академијата треба да содржи образложена оценка за научните, односно уметничките дела на кандидатот.

Кон предлогот треба да бидат приложени: биографија на кандидатот, список на неговите научни трудови или уметнички творби, по еден примерок од неговите научни трудови, литературни или музички творби, односно албуми, каталози и снимки од музичките, сликарските и скулпторските творби, писмените реферати со оценка и мислење на двајцата референти за научната и уметничката вредност на трудовите, односно творбите на кандидатот, примерок на записникот од седницата на органот што го утврдил предлогот, како и писмена изјава од кандидатот за неговата согласност со кандидатурата за избор.

Записникот треба да содржи податоци за: вкупниот број членови на наставно-научниот совет на високообразовната установа, на советот на научната установа и на собранието на научното и уметничкото здружение; бројот на членови со научни и со наставно-научни звања; бројот на членови со научни и со наставно-научни звања што присуствувале на седницата; бројот на членови со научни и со наставно-научни звања што гласале за усвојување на предлогот за избор на редовен член.

Предлагачот треба, предлогот за избор на редовен член, биографијата на кандидатот и списокот на неговите научни, односно уметнички дела, како и рефератите приложени кон предлогот за избор да ги достави и во електронска форма.

4. Предложениот кандидат треба да исполнува и други услови превидени со закон.

5. Предлозите што не се поднесени од органите определени во Законот за Македонската академија на науките и уметностите, како и предлозите што се поднесени по истекот на определениот рок или што не се утврдени во постапка и според условите определени во Статутот на Македонската академија на науките и уметностите, нема да бидат земени во постапка.

6. За сите неопходни информации можете да се обратите во МАНУ на тел. 02-3325 400.

Претседателство на МАНУ